РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-876/5
11-07-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), 20-та седница одржана на 04.07.2025 година ја донесе следната

ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-876/1 од 26.02.2025 година, оформен по доставена пријава против Маја Стојановска, државен просветен инспектор, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, од причина што постапил друг надлежен орган.

Предметот со број 12-876/1 од 26.02.2025 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на познат подносител, на ден 26.02.2025 година, доставена е пријава во која се изнесени наводи за сомневање за злоупотреба на службената положба од страна на лицето --------- -----------, државен просветен инспектор, при што оформен е предмет број 12-876/1 од 26.02.2025 година.
Во пријавата се наведува дека Државниот просветен инспектор ------ ---------- ги пречекорила своите надлежности кога при вршење на инспекцискиот надзор навлегла во оценување на подобноста на докторатот за реализација на предметите Инженерско цртање и предметот КАД/КАМ во одбранетата докторска дисертација од страна на ---------- ------------ ------------ на Универзитетот ------- ---------- ---------- за која што се посочува дека истата не е од областа во која е распишан конкурсот.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, ДКСК се обрати до Инспекцискиот совет на РСМ и побара да постапи согласно нивните надлежности над предметниот инспектор во однос на записникот од извршениот вонреден инспекциски надзор со број ИП1 09/5-228 од 29.01.2025 година, и за преземеното да се извести ДКСК.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Во законски утврдениот рок доставени се бараните информации и документи и од увидот на доставеното утврдена е следната фактичка состојба:
Инспекцискиот совет постапил согласно одредбата предвидена во член 18 став 5 од Законот за инспекциски надзор. По однос доставената претставка Инспекцискиот совет до Државниот просветен инспекторат доставил барање за достава на податоци и информации во врска со преземените дејствија и донесените акти од страна на инспекторот, како и произнесување во однос на наводите од претставката. По обезбедување на потребните податоци и акти од страна на Советот и од севкупната анализа на донесените акти кои произлегуваат од постапувањето на Државниот просветен инспектор -------- -----------, Инспекцискиот совет констатирал дека наводите од претставката не се основани и за истата на 411 седница одржана на 30.04.2025 година има донесено одлука за запирање за понатамошно постапување.

Имајќи во предвид сето горенаведено, ДКСК утврди дека за предметниот случај постапил друг надлежен орган, кој не констатирал неправилности при постапувањето на лицето --------- ---------------- Државен просветен инспектор, поради што согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Заменик Претседател

м-р Билјана Каракашова Шулев

Изготвил: П.Б., Советник
Контролирал: Ј.Ц, раководител на Одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор

Доставено до:
-подносителот на пријавата